**ОПШТИНА БИТОЛА**

# ПОСТАПКА ЗА ПЛАНИРАЊЕ И ДОНЕСУВАЊЕ НА БУЏЕТ

## 1. Намена и цел на постапката

Постапката е наменета да го објасни начинот на планирање и усвојување на буџетот на Општината, кое се врши во Одделение за буџетска координација , преку соодветните советници, соработници и согласно систематизацијата во Општината.

## 2. Примена на постапката

Постапката ја применуваат Градоначалникот, Советот на општината, Раководител на Сектор за финансиски прашања, Раководител на одделение за Буџетска координација , Одговорни лица за процесите и Претставникот на раководството за управување со квалитет.

## 3. Активности при планирање и донесување на буџет

Раководителот на одделението за буџетска координација, доставува Циркуларно писмо до Раководителите на Секторите и Раководителите на оделенијата во Општината и истото писмо го доставуваат до Директорите на локалните јавни установи (во Општина Битола тоа се 12 основни училишта, 6 средни училишта, 2 централни градинки, 1 старски дом и 1 зоолошка градина). Циркуларното писмо е всушност - известување дека Одделението за буџетска координација започнува со планирање на буџетот и сите нивни предлози, мислења и барања да се достават до одделението за планирање и извршување на буџетот.

По доставувањето на Циркуларното писмо се одржуваат состаноци со Раководителите на секторите и оддленијата и посебно со Директорите и сметководителите на локалните јавни установи.

На состанокот со Раководителите на секторите и одделенијата се разгледуваат усвоените Годишни програми согласно кои се определуваат приоритетите во кои ќе учествува Општината.

На состанокот со Директорите и сметководителите се даваат смерници за планирањето на трошоците и начинот на распределување на самофинансирачките средства. Раководителот на одделението за буџетска координација доставува образци за планирање на средствата.

Градоначалникот заедно со Преставници од соодветните одделенија од Општината исто така ги посетуваат и Месните заедници каде што имаат средби со граѓаните кои ги пренесуваат своите барања и предлози.

Раководителот на Одделението за буџетска координација кога ќе ги собере сите предлози, мислења и барања од Раководителите на секторите и одделенијата од Општината, Директорите на локалните јавни установи и граѓаните преку Месните заедници го изготвува Предлог Буџетот.

Раководителот на Одделението за буџетска координација континуирано го известува Градоначалникот за сите прелози, мислења и барања и истите се разгледуваат од страна на Градоначалникот.

Додека се изготвува предлог буџетот од Министерството за финансии се добиваат индикатори т.е информации за блок дотациите за локалните јавни установи. Раководителот на Одделението за буџетска координација согласно блок дотациите кои до моменталната фаза на децентрализација се составени од плати и тековни трошоци за локалните јавни установи, прави анализа на реалните трошоци на локалните јавни установи и делот од блок дотациите кои ги покриваат трошоците и планираат дел на средства кои Општината ги планира за помош за одредени потреби на локалните јавни установи, на пример како што е нафта или дрва за греење.

Пред објавувањето на предлог буџетот на web страницата, тој повторно се разгледува со Градоначалникот.

Предлог буџетот се објавува на web страната и во јавните гласила се објавува дека предлог буџетот е објавен и дека во период од 20 дена се примаат сите предлози и сугестии од страна на граѓаните.

Кога ќе се објави предлог буџетот, предлог буџетот се става на дневен ред и се разгледува од страна на Комисијата за финансии и буџет и Комисија за надзор на финансиско работење. Предлог буџетот се презентира од страна на Раководителот на Одделението за буџетска координација , комисијата ги дава своите предлози и сугестии, а истовремено и Раководителите на секторите и одделенијата ги презентираат своите годишни програми кои што се дел од предлог буџетот.

После 20 дена од објавувањето на предлог буџетот најдоцна до крајот на годината предлог буџетот се става на дневен ред на Советот и истиот се усвојува. Кога ќе се усвои буџетот истиот се доставува до Министерство за финансии каде што се врши контрола и вчитување на буџетот во системот на Министерството за финансии.

## 4. Дијаграм на тек на Постапката за планирање и донесување на буџет



**5.Референтни документи:**

Закон за локална самоуправа

Закон за финансирање на единица на локалната самоуправа

Закон за буџет

Закон за сметководство

**6. Записи**

Годишни програми на одделенијата на Општината

Циркуларно писмо

Предлози од раководителите на одделенијата и секторите

Предлози од Граѓаните при Месните заедници

Предлози од Локалните јавни установи

Предлог Буџет

Одобрил:

Раководител на одделение за
буџетска координација